БИЛТЕН НА РИЗИЦИ

# ОПСЕРВАТОРИЈА НА НЕЛЕГАЛНИ ЕКОНОМИИ ВО ЈУГО-ИСТОЧНА ЕВРОПА



БРОЈ 13 СЕПТ–ОКТ 2022

## Резиме на главни поенти

6. **Ниските плати на полицијата во Западен Балкан доведуваат до ризик од зголемена корупција помеѓу полициските сили.**
Јавноста има големи очекувања од полицијата: бргу да реагираат на итни случаи; да ги ризикуваат своите животи за да ја заштитат заедницата да го спроведуваат законот; и да ја вршат својата тешка но и опасна работа на професионален начин и со интегритет. Но, иако очекувањата се високи, платите на пониските полициски службеници во Западен Балкан се релативно ниски. Овој јаз зголемува одредени ризици, вклучувајќи го и оној од корупција. Го разгледуваме овој проблем, неговото влијание и што може да се преземе за да се реши.

7. **Фудбалскиот хулиганизам во Западен Балкан ги открива врски меѓу хулиганството, политиката, насилството и криминалот, иако тие се разликуваат низ регионот.**
Некои фудбалски тимови од Западен Балкан – и на клупско и на национално ниво – имаат озлогласена репутација на насилство. Но, колку е сериозен проблемот и кои се врските меѓу фудбалскиот хулиганизам, политиката и организираниот криминал? Одговорите се истражени во неодамнешниот извештај на ГИ-ТОК насловен како *Опасни игри*, кој анализира 122 навивачки групи на фудбалски тимови во шестте земји од регионот. Насловот дава одговор кој произлегува од ова истражување.

GLOBAL INITIATIVE
AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME

# Ниските плати на полицијата низ Западен Балкан доведуваат до ризик од зголемена корупција помеѓу полициските сили.

Главната улога на полицијата во една демократија е да го одржи јавниот ред и мир, да спречува криминал и да се бори против него, како и да им служи на граѓаните чии даноци ја плаќаат јавната безбедност. Полицијата овозможува услуга што често е ризична и може да вклучува долги работни часови под тешки услови. Работата може да земе данок од менталното здравје, бара истрајност и добра проценка и огромна одговорност, вклучувајќи – во исклучителни случаи – смртоносна употреба на сила.

Вреди да се напомене дека иако луѓето во Западен Балкан гледаат простор за напредок во поглед на кривичната правда (вклучувајќи ја и борбата против организиран криминал),[1] тие имаат релативно добро мислење за полицијата.[2] Би се очекувало оние кои се одговорни за безбедноста на граѓаните да примаат плата што е разумна во однос на трошоците за живеење, привлечна за професионалните и мотивирани индивидуи и доволна за да промовира задоволство од работата. Меѓутоа, платите на ниските полициски службеници во Западен Балкан велат нешто друго.

Не секогаш е лесно да се дојде до информации за полициските плати во земјите на Западен Балкан. ГИ-ТОК ги собра и состави информациите дадени во продолжение со помош на неколку извори; ова е нашата најдобра проценка според достапните податоци (главно од 2021 година). За да се олеснат споредби, платите се претставени во евра и нето вредност, откако ќе се одбијат даноците и придонесите. Во ниту една земја од регионот нема разлика помеѓу нивото на платите на машките и женските полициски службеници, бидејќи платата секогаш се поврзува со работната позиција во полицијата.

| Држава | Број на граѓани | Број на вработени во Министерството за внатрешни работи | Број на полициски службеници (овластени за спроведување на законот) | Полициски плати | | Број на полициски службеници на 100.000 жители |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Полициски службеник | Виш полициски службеник | |
| **Албанија** | 2 846 000 | 15 109 | 11 802 | €406 | €1 401 | 260 |
| **Босна и Херцеговина** | 3 281 000 | 19 140[3] | 15 777[4] | €340–460 | €511[5] | 481 |
| **Косово** | 1 873 000 | 10 600 | 8 104 | €447–541 | €569–1 761 | 464 |
| **Црна Гора** | 621 873 | 721 | 4 680 | €396 | €1 353 | 502 |
| **Северна Македонија** | 2 083 000 | 12 599 | 9 953 | €380–450 | €360–1 380 | 341 |
| **Србија** | 8 737 000 | 41 438 | 31 313 | €440 | €2 296 | 435 |

**Слика 1** Полициски службеници и проценети нивоа на плати во Западен Балкан (2021 година).

*Извори: Извештаи на Европската комисија за напредок во 2021 г.*

За да се стават во перспектива некои од овие плати, беше пријавено дека минималната плата во Црна Гора во 2021 година изнесувала 532 евра, во Северна Македонија изнесувала 360 евра, а во Србија изнесувала 400 евра. Во 2020 година, просечната плата во Косово изнесувала 416 евра,[6] додека пак, минималната полициска плата во 2021 година изнесувала 447 евра. Условите се уште помалку привлечни во Албанија, каде во 2021 година минималната полициска плата била 18 % пониска од просечната плата во земјата.[7] Ситуацијата во Босна и Херцеговина е уште полоша, со тоа што минималната полициска плата била 30 % пониска од просекот во 2019 година.[8] Со растечките цени, минималната плата е често недоволна за да се покријат основните потреби на едно просечно семејство. Накратко, почетната плата за еден полициски службеник во повеќето земји од регионот е прилично лоша.

За споредба, просечната месечна плата на полициските службеници во Романија[9] или Словенија е околу 1000 евра месечно,[10] додека почетните плати на полицијата во Унгарија не се многу повисоки од оние на нивните колеги од Западен Балкан.[11]

Платите се зголемуваат според чинот, образованието и бројот на години стаж. Службениците може да бидат платени и за прекувремена работа, за долги работни часови или за преземање ризични задачи. Општо земено, платите за раководителот на полицискиот округ се двојно повисоки од минималната плата.

Вреди да се напомене дека платите се генерално најниски кај припадниците на граничната полиција и релативно високи за припадниците на полицијата кои што работат во единици за борба против организиран криминал. На пример, во Србија (каде полициската плата има најголем раст во регионот), просечната плата за лице кое работи во директоратот за гранична полиција изнесува 807 евра месечно, а просечната плата за единицата за борба против организиран криминал изнесува 1.034 евра. Во Црна Гора, бројките изнесуваат 562 евра за гранична полиција и 784 евра за лица вработени во единицата за борба против организиран криминал.

Полициските директори во регионот главно имаат плати во опсег од 1.200 до 1.700 евра месечно.

Интересно е дека на шефот на полицискиот инспекторат вообичаено му се исплаќа плата која е блиска до нивото на највисоката позиција во полициската хиерархија.

### Ризик од корупција

Постои широко распространето чувство меѓу полициските организации во Западен Балкан дека полицајците се недоволно платени.[12] Полициските раководни структури и синдикатите во сите шест земји се залагаат за повисоки плати со цел да привлечат и задржат добри регрути, да ја задржат професионалноста на полициската служба и да ја намалат корупцијата.

Иако платите се зголемија во последните години, неколку полициски синдикати тврдат дека професијата станала поопасна и дека работата не е доволно наплатена.[13] Ова ги принудува полициските службеници да бараат други, полукративни работи за да ги одржуваат своите семејства. Ова може да вклучува и ангажирање во други слични работни позиции, како приватни компании за обезбедување. Но ризикот е тоа што недоволно платената и незадоволна полиција може да биде поподложна на корупција, конфликт на интерес или здружување со криминални групи. Неколку неодамнешни случаи – вклучувајќи ги и оние на границата помеѓу Косово и Албанија кои беа претходно истакнати во овој билтен на ризици – посочуваат и кон корупција и кон сериозно здружување со криминални групи. Ова ја загрозува јавната безбедност и ја поткопува довербата во полицијата.

Меѓутоа, мора да внимаваме за тоа како ги поврзуваме ниските плати и корупцијата. Повисоките плати, сами по себе, можеби нема да го зајакнат интегритетот. Полицијата треба да е задоволна од работата, можностите за напредок во кариерата но и признанието на нивната работа. Натаму, важно е да имаат обуки за етика, како и за ефективни и ефикасни механизми за следење што промовираат интегритет. Платите на полицијата треба да се привлечни и пропорционални со вклучените ризици и одговорности. Како што криминалците од Западен Балкан ги модернизираат своите техники и ги засилуваат меѓународните контакти, така полицијата од регионот треба да го направи истото.

# Забелешки

1. Regional Cooperation Council, *Balkan Barometer 2020, Public opinion*, април 2020 г., https://www.rcc.int/download/docs/2020-06-Balkan-Barometer-Public-Opinion_final.pdf/bf27f9fc10de8a02df9db2b60596f0cd.pdf.
2. Center for Insights in Survey Research, *Western Balkans regional poll*, февруари – март 2020 г., https://www.iri.org/wp-content/uploads/2020/06/final_wb_poll_for_publishing_6.9.2020.pdf.
3. Сите бројки за Босна и Херцеговина се од 2019 година. Ова е вкупниот број полицајци во државното Министерство за безбедност и МВР на Република Српска, како и полицајци од кантоните и судската полиција.
4. Проценет број на полицајци, по однос во извештајот на ЕК за напредокот на Босна и Херцеговина во 2021 година.
5. Бројките за полициските плати во Босна и Херцеговина се од 2019 година. *Policajci iz BiH se bune zbog malih plaća, uputili zahtjeve, evo koliku osnovicu traže*, Радио Сарајево, 25 февруари 2022 г., https://radiosarajevo.ba/vijesti/bosna-i-hercegovina/policajci-iz-bih-se-bune-zbog-malih-placa-uputili-zahtjeve-evo-koliku-osnovicu-traze/448454.
6. Kosovo Agency of Statistics, *Statistikat Sociale: Niveli i pagave në Kosovë 2020*, Ministry of Finance, Labor and Transfers, https://ask.rks-gov.net/media/6030/niveli-i-pagave-n%C3%AB-kosov%C3%AB-2020.pdf"
7. Institute of Statistics of Albania, *Statistikat e Pagave, Tremujore IV/2021*, 10 март 2022 г., [http://www.instat.gov.al/media/9660/pagat_press_release-t4-*2021-altcom.pdf](http://www.instat.gov.al/media/9660/pagat_press_release-t4*-2021-altcom.pdf).
8. *Average Monthly Net Salary in Bosnia and Herzegovina is 945 BAM*, *Sarajevo Times*, 16 март 2020 г., https://sarajevotimes.com/average-monthly-net-salary-in-bosnia-and-herzegovina-is-945-bam/; *Average net salary in Bosnia amounts to €500 in October 2021*, N1, 20 December 2021, https://ba.n1info.com/english/news/average-net-salary-in-bosnia-amounts-to-e500-in-october-2021/.
9. *Average Salary In Romania*, Career Explorer, 11 јануари 2022 г., https://careerexplorerguide.com/average-salary-in-romania/.
10. *Police Officer Average Salary in Slovenia 2022*, Salary Explorer, https://www.salaryexplorer.com/salary-survey.php?loc=198&loctype=1&job=504&jobtype=3.
11. John Woods, *Hungarian police officers' starting salary is lower than 520 EUR/month!*, Daily News Hungary, 11 мај 2022 г., https://dailynewshungary.com/hungarian-police-officers-starting-salary-is-lower-than-520-eur-month/.
12. *Oznaka: Niske plate policijskih službenika*, Raport, https://raport.ba/tag/niske-plate-policijskih-sluzbenika/.
13. *Protest policijskih službenika u BiH: 'Prosječna plata nam je 665 KM'*, Fokus, 17 март 2021 г., https://www.fokus.ba/vijesti/bih/protest-policijskih-sluzbenika-u-bih-prosjecna-plata-nam-je-665-km/2021136/.

# Фудбалскиот хулиганизам во Западен Балкан открива врски меѓу хулиганството, политиката, насилството и криминалот, иако тие се разликуваат низ регионот.

„Денеска е недела“, ден за фудбалски натпревар. Така еден уметник го слави својот омилен фудбалски клуб ФК Партизан испишувајќи графити низ Белград, цитирајќи го популарниот српски поет и фудбалски навивач Душко Радовиќ. Цитатот се однесува на денот кога генерално се играат фудбалски натпревари, а муралот потсетува на чувствата на почит, издржливост, лојалност и интегритет.

Но, на Западен Балкан овој ден за фудбал повремено покажува спротивни вредности. Навивачите скандираат расистички и националистички слогани, додека поддржувачите на ривалските тимови се тепаат меѓу себе или со полицијата. Ова не е проблем кој го има само на Балканот, но како што покажува новиот извештај на ГИ-ТОК, во некои случаи има дестабилизирачки врски помеѓу фудбалските хулигани, политиката и организираниот криминал.[1]

Нашето истражување анализираше 122 навивачки групи на фудбалски клубови во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Црна Гора и Србија и идентификуваше 78 групи чии следбеници може да се сметаат за „ултрас“, имено страсни и добро организирани здруженија на фудбалски навивачи. Од овие 78 тврдокорни навивачки групи, 21од нив може да се сметаат за хулигани кои претставуваат сериозен безбедносен ризик не само поради нивната склоност кон насилство, туку и поради нивната поврзаност со политиката и организираниот криминал.

**Насилство**

Хулиганските групи во Западен Балкан се познати по употребата на насилство, со особено критична ситуација во Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Србија. Насилството поврзано со фудбалот често дава силен националистички призвук, при што навивачите ги пеат националните химни, прикажуваат фашистички симболи и ги величаат воените херои.[2]




Мурал во Белград со пораката „Денес е недела (ден на натпревар)“ го слави српскиот поет и навивач на ФК Партизан, Душко Радовиќ.
*Фотографија: Бахрудин Бандиќ*




Мурал посветен на Желимир Видовиќ Кели, поранешен играч на ФК Сараево и југословенската фудбалска репрезентација. Загина во војна во текот на 1990-тите.
*Фотографија: Бахрудин Бандиќ*

Некои хулигани, исто така, наводно се приклучиле на паравоени групи, што укажува на постоење на врска помеѓу употребата на насилство и политичкиот екстремизам. На пример, членовите на српските обединети сили (поддржувачи на ФК Рад од Белград), Фирма (поддржувачи на ФК Војводина од Нови Сад)[3] и

ултрас со седиште во Мостар, Босна и Херцеговина (поддржувачи на ФК Зрињски), се бореа во конфликтите во Украина и Сирија.[4] Нивните дела често се прикажуваат и фалат на социјалните платформи.

Дури ниту карантинот не го сопре насилството. Пандемијата на КОВИД-19 ги испразни фудбалските стадиони, но не го спречи насилството што го предводат хулигани. Во април 2021 година, антагонизмот меѓу хулиганите од Мостар поделени околу етничкиот идентитет резултираше со вандализам.[5] Во истиот месец, загриженоста за тензиите помеѓу приврзаниците на Црвена звезда и Партизан го натера Стејт департментот на САД да објави црвен аларм за можно насилство во Белград.[6]




**Слика 1** Хулиганските групи во Западен Балкан поврзани со насилство, политика и криминал.

*Извор: Саша Ѓорѓевиќ и Ругеро Скатуро, Опасни игри: Фудбалски хулиганизам, политика и организиран криминал на Западен Балкан, ГИ-ТОК, јуни 2022 г., https://globalinitiative.net/wp-content/uploads/2022/06/Football-hooliganism-politics-and-organized-crime-in-the-Western-Balkans-GITOC-SEEObs.pdf.*

**Политика**
Извештајот на ГИ-ТОК дава примери за искористување на фудбалските хулигани во политички цели во Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија и Србија. Политичките партии ги користат хулигански групи за да ја промовираат својата агенда со скандирања и транспаренти во стадионите и за да предизвикаат етничка или политичка тензија пред изборите. Тие може да бидат и „изнајмено обезбедување“ на демонстрациите. Како што објасни еден навивач во Бања Лука во Босна и Херцеговина, фудбалските хулигани „на политичарите им делуваат како приватна војска“.[7]

Во замена за насилна поддршка, политичарите им даваат на водачите на хулиганските групи профитабилни деловни можности и им гарантираат политичка заштита во случај на истраги или гонење.

**Криминал**
Врската помеѓу хулиганите и криминалот е особено силна во Босна и Херцеговина и Северна Македонија. Во Србија пак е достигнато ниво на сериозен организиран криминал.

Во Босна и Херцеговина, некои Ултра членови, како што се Лешинари, Хорде Зла и Шкрипари, вршат ситни злосторства, но исто така се дел од организирани криминални групи вклучени во трговија со дрога и шверц на оружје.[11] Во Северна Македонија, скопските хулигански групи Комити и Шверцерат се познати по тоа што продаваат дрога и шверцуваат оружје, што помага во финансирање на други недозволени активности.[12]

Во Србија има уште позагрижувачки степен на ризик. Членовите на некои хулигански групи се впуштаат во сериозен организиран криминал, но сепак уживаат добар степен на политичка заштита. Јањичари, поддржувачи на ФК Партизан, имаат изградено блиски врски со државните функционери (особено полицајци), како и со кланот Кавач, организирана криминална група од Црна Гора специјализирана за шверц на кокаин од Латинска Америка во Европа.[13]

Во февруари 2021 година, српската полиција го уапси водачот на Принципи (навивач за ФК Партизан) по неговото враќање од состанокот со кланот Кавачи во Црна Гора.[14] Полицијата уапси над 20 членови на Принципи и ги обвини за здружување за криминални цели, трговија со дрога, поседување и трговија со оружје и тешко убиство.[15]

Како што се може да се види на Сликата број 2, нивото на ризик и врските помеѓу фудбалскиот хулиганизам, политиката и криминалот не се униформни во регионот; проблемот е најакутен во Босна и Херцеговина и Србија, додека врските помеѓу хулиганството и криминалот се отсутни во Албанија, а ниски во Косово, Северна Македонија и Црна Гора.

## УПОТРЕБА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ

Ултрас во Западен Балкан ги користат социјалните медиуми за да изразат чувства, вредности или верувања; за да споделуваат и коментираат на содржина; да спроведуваат деловни активности поврзани со групата, како што се активности за промоција на идентитетот; и за да регрутираат и мобилизираат поддржувачи за одредени собири или настани.

Ултрас и хулиганските групи во Западен Балкан обично користат Фејсбук и Инстаграм.[8] Има и официјални и неофицијални профили. Официјалните профили обично објавуваат вести, промовираат навивачка група и клуб и продаваат стоки преку интернет. Спротивно на нив, многу неофицијални и приватни профили служат како алатки за функционирање и интерна комуникација на групата.[9]

Неофицијалните групи се примарно затворени за јавноста. Само веродостојни поединци може да станат дел до нив. Тие се привлечни и за младите генерации и за постарите носталгични индивидуи. Меѓутоа, на младите им е полесно да се приклучат. Понекогаш, доволно е само да се споделат објави и да постојат заеднички пријателства со администраторите на профилот. Кога постари корисници сакаат да се приклучат на групите, администраторите прво проверуваат дали имаат конекции со полицијата.[10]




**Слика 2** Ниво на ризик според силата на врските помеѓу хулиганството, политиката, насилството и криминалот.
*Извор: Саша Ѓорѓевиќ и Ругеро Скатуро, Опасни игри: Фудбалски хулиганизам, политика и организиран криминал на Западен Балкан, ГИ-ТОК, јуни 2022 г., https://globalinitiative.net/wp-content/uploads/2022/06/Football-hooliganism-politics-and-organized-crime-in-the-Western-Balkans-GITOC-SEEObs.pdf.*

Написот произлегува од истражувањето од „Опасни игри: Фудбалски хулиганизам, политика и организиран криминал на Западен Балкан“, труд на Саша Ѓорѓевиќ и Ругеро Скатуро, објавен во јуни 2022 година. Достапно на https://globalinitiative.net/analysis/hooligans-crime-balkans/.




## Забелешки

1. Saša Đorđević и Ruggero Scaturro, *Dangerous games: Football hooliganism, politics and organized crime in the Western Balkans*, GI-TOC, јуни 2022 г., https://globalinitiative.net/analysis/hooligans-crime-balkans/.
2. *Интервју со научник за насилен екстремизам во Мостар, Босна и Херцеговина*, 7 мај 2021 година; Nemanja Stevanović, *Ultradesničarski simboli na fudbalskim stadionima u Srbiji uprkos zakonskoj zabrani*, VOICE, 17 октомври 2021 г., https://voice.org.rs/ultradesnicarski-simboli-na-fudbalskim-stadionima-u-srbiji-uprkos-zakonskoj-zabrani/; Marija Arnautović и Mirsad Behram, *Fašizam na svom terenu: Ekstremistički poklič sa bh. stadiona*, Радио Слободна Европа, 13 ноември 2020 г., https://www.slobodnaevropa.org/a/fa%C5%A1izam-na-svom-terenu-ekstremisti%C4%8Dki-pokli%C4%8Di-sa-bh-stadiona/30946282.html; *Srbija i nasilje u sportu: Zašto šovinizam pobeđuje sport u Srbiji – 'problem je uvek u vašoj kući'*, BBC na srpskom, 15 октомври 2021 г., https://www.bbc.com/serbian/lat/srbija-58928316; Fabio Bego, *Do Albanians like Fascism? An Iconographical Investigation on Social Media Material*, Modern Diplomacy, 3 јануари 2020 г., https://moderndiplomacy.eu/2020/01/03/do-albanians-like-fascism-an-iconographical-investigation-on-social-media-material/.
3. *Интервју со новинар Белград, Србија*, 5 август 2021 г.
4. *Insajder bez ogranicenja: 'Sukob oko sistema vrednosti'*, Insajder, 16 мај 2017 г., https://insajder.net/sr/sajt/bezogranicenja/4715/.
5. *U Mostaru desetoro privedeno zbog tuce huligana*, Danas, 25 април 2021 г., https://www.danas.rs/svet/u-mostaru-desetoro-privedeno-zbog-tuce-huligana/; Mirsad Behram и Selma Boracic Mrso, *'Licilo je na 1993'. Mostar uznemiren posljednjim huliganskim nasiljem*, Радио Слободна Европа, 26 април 2021 г., https://www.slobodnaevropa.org/a/incident-u-mostaru-huligani/31223736.html.

6. *Security Alert: Belgrade (Serbia), High risk of hooliganism when soccer clubs play on April 7*, Overseas Security Advisory Council, Bureau of Diplomatic Security, U.S. Department of State, 6 April 2021, https://www.osac.gov/Country/Serbia/Content/Detail/Report/01aa3735-31c3-480e-85b7-1b4849c094ab.
7. Интервју со член на групата Лешинари во Бања Лука, Босна и Херцеговина, 6 мај 2021 г.
8. Интервју со новинар Белград, Србија, 29 јули 2021 г.
9. Интервју со новинар Белград, Србија, 5 август 2021 г.
10. Интервју со новинар Белград, Србија, 29 јули 2021 г.
11. Интервју со фан на Комити Скопје, Северна Македонија, 5 април 2021 г.; Интервју со фан на Сити Парк Бојс (СПБ) Скопје, Северна Македонија, 5 април 2021 г.
12. Исто.
13. Stevan Dojčinović et al, *Rat balkanskog podzemlja: Ubistva, veze u policiji i u vrhu drzave*, KRIK, 5 мај 2020 г., https://www.krik.rs/rat-balkanskog-podzemlja-ubistva-veze-u-policiji-i-u-vrhu-drzave/; Bojana Jovanović and Stevan Dojčinović, Gangsters and hooligans: key players in the Balkan cocaine wars, OCCRP, 5 мај 2020 г., https://www.occrp.org/en/balkan-cocaine-wars/gangsters-and-hooligans-key-players-in-the-balkan-cocaine-wars.
14. *Odredjen pritvor osumnjicenima V. Belivuk i drugi*, Visi sud u Beogradu, 6 февруари 2021 г., https://www.bg.vi.sud.rs/vest/2991/odredjen-pritvor-osumnjicenima-v-belivuk-i-drugi.php.
15. Исто.

**Билтените на ризици се редовен производ на нашите регионални опсерватории, кои се потпираат на мрежите на граѓанското општество за да добијат нови податоци да ги стават во контекст трендовите поврзани со мрежите на организиран криминал, нелегалната трговија и одговорот на државите кон нив. Доколку сакате да се претплатите на идните изданија на Билтенот на ризици, ве молиме пријавете се тука или пратете е-пошта на almedina.dodic@globalinitiative.net.**

## ЗА ГЛОБАЛНАТА ИНИЦИЈАТИВА

Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал е глобална мрежа со над 500 експерти ширум светот. Глобалната иницијатива обезбедува платформа со цел промовирање поширока дебата и иновативни пристапи како градиво за инклузивна глобална стратегија против организираниот криминал.

**www.globalinitiative.net**

Оваа публикација е изработена со помош на финансиската поддршка на Фондот за конфликт, стабилност и безбедност на Обединетото Кралство. Содржината на публикацијата е одговорност единствено на ГИ-ТОК и не нужно ги одразува ставовите на Обединетото Кралство.

GLOBAL INITIATIVE
AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME